СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА КУМАНОВО

„Службен гласник на Општина Куманово“ Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово Тел. 423-505 Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ Ордевска	Година LXXI Број 14 Куманово 30 октомври 2026 г.	Претплата за 2026 година изнесува 2.000 денари. трезорска с-ка 100-0000000630-95 с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18 приходна шифра 725939

668.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за збратимување на Општина Куманово - Република Северна Македонија со Општина Херцег Нови – Република Црна Гора

1. Се објавува Одлуката за збратимување на Општина Куманово - Република Северна Македонија со Општина Херцег Нови – Република Црна Гора, Бр. 09 – 15380/3, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-15925/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

669.

Врз основа на член 14 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 14 став 1 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

О Д Л У К А
за збратимување на Општина Куманово – Република Северна Македонија со Општина Херцег Нови – Република Црна Гора

Член 1

Со оваа одлука се воспоставува збратимување и партнерска соработка меѓу Општина Куманово – Република Северна Македонија и Општина Херцег Нови – Република Црна Гора.

Член 2

Збратимувањето има за цел воспоставување и унапредување на долгорочна соработка меѓу Општина Куманово и Општина Херцег Нови преку размена на искуства, знаења и добри практики од значење за локалниот развој и унапредувањето на квалитетот на животот на граѓаните. Соработката особено ќе се развива во областите на локалната самоуправа, локалниот економски развој, културата, образованието, спортот, туризмот, младите, заштитата на животната средина, како и во други области од заемен интерес.

Член 3

Соработката меѓу Општина Куманово и Општина Херцег Нови може да се остварува преку:

- размена на искуства, информации и добри практики во областа на локалната самоуправа, со посебен акцент на демократското функционирање, унапредувањето на административните капацитети и подобрувањето на квалитетот на јавните услуги;
- поттикнување на економската соработка, развојот на локалното стопанство, поддршката на малите и средните претпријатија и воспоставувањето контакти меѓу стопанските субјекти од двете единици на локалната самоуправа;
- развој на соработката во областа на туризмот, преку размена на искуства, промоција на туристичките потенцијали, културното и природното наследство и организирање заеднички туристички активности;
- унапредување на културната соработка преку организирање културни манифестации, фестивали, изложби, концерти и други настани од заеднички интерес;
- развој на соработката во областа на образованието, преку поврзување на воспитно-образовните установи, размена на искуства и реализација на заеднички образовни и младински иницијативи;
- поттикнување на спортската соработка преку организирање спортски натпревари, турнири, рекреативни активности и размена на искуства меѓу спортските клубови и организации;
- зајакнување на соработката меѓу младинските организации, здруженијата на граѓани и другите организации од граѓанскиот сектор, преку заеднички иницијативи, проекти и активности;
- подготовка и реализација на заеднички проекти и иницијативи, вклучително и проекти финансирани од домашни и меѓународни фондови, програми за прекугранична соработка и други достапни извори на финансирање;

- воспоставување непосредни контакти и размена на делегации, стручни лица и претставници на институциите, организациите и другите субјекти од двете единици на локалната самоуправа;

Член 4

За реализација на целите и активностите од оваа одлука, Општина Куманово и Општина Херцег Нови, можат да склучуваат договори, протоколи, програми и други акти со кои поблиску ќе се уредуваат облиците, начинот и условите на соработката.

Член 5

За реализација на активностите што произлегуваат од соработката, средствата се обезбедуваат согласно закон, во рамките на можностите и расположливите средства во Буџетот на Општина Куманово, како и од други дозволени извори на финансирање.
Оваа одлука сама по себе не создава финансиски обврски за Општина Куманово, доколку тие не се предвидени и одобрени согласно закон.

Член 6

Се овластува градоначалникот на Општина Куманово да го потпише Договорот за збратимување и соработка со Општина Херцег Нови.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 15380/3
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

670.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за збратимување на Општина Куманово - Република Северна Македонија со Град Источно Сараево – Република Српска, Босна и Херцеговина

1. Се објавува Одлуката за збратимување на Општина Куманово - Република Северна Македонија со Град Источно Сараево – Република Српска, Босна и Херцеговина, Бр. 09 – 15380/4, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-15927/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

671.

Врз основа на член 14 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 14 став 1 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

О Д Л У К А

за збратимување на Општина Куманово – Република Северна Македонија со Град Источно Сараево – Република Српска, Босна и Херцеговина

Член 1

Со оваа одлука се воспоставува збратимување и партнерска соработка меѓу Општина Куманово – Република Северна Македонија и Град Источно Сараево – Република Српска, Босна и Херцеговина.

Член 2

Збратимувањето има за цел воспоставување и унапредување на долгорочна соработка меѓу Општина Куманово и Град Источно Сараево, преку размена на искуства, знаења и добри практики од значење за локалниот развој и унапредувањето на квалитетот на животот на граѓаните.

Соработката особено ќе се развива во областите на локалната самоуправа, локалниот економски развој, културата, образованието, спортот, туризмот, младите, заштитата на животната средина, како и во други области од заемен интерес.

Член 3

Соработката меѓу Општина Куманово и Град Источно Сараево може да се остварува преку:

- размена на делегации, претставници, стручни лица, млади и други групи;
- размена на информации, искуства и добри практики;
- организирање и учество во културни, спортски, образовни, туристички и други настани и активности;
- воспоставување и унапредување на економска и деловна соработка, поттикнување на инвестиции и локален економски развој;
- подготовка и реализација на заеднички проекти и иницијативи;
- учество во проекти и активности од регионален и меѓународен карактер;
- други активности од заемен интерес.

Член 4

За реализација на целите и активностите од оваа одлука, Општина Куманово и Град Источно Сараево можат да склучуваат договори, протоколи, програми и други акти со кои поблиску ќе се уредуваат облиците, начинот и условите на соработката.

Член 5

За реализација на активностите што произлегуваат од соработката, средствата се обезбедуваат согласно закон, во рамките на можностите и расположливите средства во Буџетот на Општина Куманово, како и од други дозволени извори на финансирање.

Оваа одлука сама по себе не создава финансиски обврски за Општина Куманово, доколку тие не се предвидени и одобрени согласно закон.

Член 6

Се овластува градоначалникот на Општина Куманово да го потпише Договорот за збратимување и соработка со Град Источно Сараево.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 15380/4
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

672.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за збратимување на Општина Куманово - Република Северна Македонија со Град Караганда – Република Казахстан

1. Се објавува Одлуката за збратимување на Општина Куманово - Република Северна Македонија со Град Караганда – Република Казахстан, Бр. 09 – 15380/5, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-15929/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

673.

Врз основа на член 14 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24) и член 14 став 1 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

О Д Л У К А
за збратимување на Општина Куманово – Република Северна Македонија со Град Караганда – Република Казахстан

Член 1

Општина Куманово – Република Северна Македонија се збратимува со Град Караганда – Република Казахстан, со цел воспоставување и развивање на долгорочно партнерство и пријателски односи од заемен интерес.

Член 2

Збратимувањето од член 1 на оваа Одлука се заснова на принципите на заемно почитување, еднаквост, партнерство и размена на искуства и добри практики меѓу локалните самоуправи.

Соработката ќе биде насочена кон создавање можности за размена на искуства и воспоставување контакти помеѓу институциите, организациите, граѓаните и други субјекти од двете локални заедници.

Член 3

Во рамките на воспоставеното партнерство, Општина Куманово и Општина Караганда можат да развиваат соработка особено во областите на:

- локалниот економски развој и унапредување на деловната соработка;
- инвестициите и размената на информации од економски интерес;
- културата и уметноста;
- образованието и размената на знаења;
- туризмот и промоцијата на локалните потенцијали;
- спортот и младинските активности;
- размена на искуства во работењето на локалната самоуправа;
- други области од заемен интерес.

Член 4

Соработката може да се реализира преку размена на делегации и стручни лица, организирање на заеднички настани, културни и спортски активности, размена на информации и искуства, воспоставување и унапредување на економска и деловна соработка, поттикнување на инвестиции и локален економски развој, како и преку подготовка и реализација на заеднички проекти од заемен интерес.

Член 5

Општина Куманово и Град Караганда можат да иницираат и реализираат активности за воспоставување контакти помеѓу институции, образовни и културни установи, организации, стопански субјекти и други заинтересирани страни, во согласност со законските прописи и надлежностите на локалната самоуправа.

Член 6

Поконкретните области, начинот, формите и условите за реализација на соработката ќе се уредат со посебен договор за збратимување и соработка помеѓу Општина Куманово и Град Караганда.

Член 7

Се овластува градоначалникот на Општина Куманово да го потпише Договорот за збратимување и соработка со Град Караганда – Република Казахстан.

Член 8

Средствата за реализација на активностите кои произлегуваат од оваа Одлука се обезбедуваат согласно расположливите средства во Буџетот на Општина Куманово и од други дозволени извори на финансирање.

Оваа Одлука сама по себе не создава финансиски обврски за Општина Куманово, доколку истите не се предвидени и одобрени согласно закон.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 15380/5
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

674.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за збратимување на Општина Куманово - Република Северна Македонија со Општина Чајетина – Република Србија

1. Се објавува Одлуката за збратимување на Општина Куманово - Република Северна Македонија со Општина Чајетина – Република Србија, Бр. 09 – 15380/6, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-15930/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

675.

Врз основа на член 14 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24) и член 14 став 1 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

О Д Л У К А
за збратимување на Општина Куманово – Република Северна Македонија со Општина Чајетина – Република Србија

Член 1

Со оваа одлука се воспоставува збратимување и партнерска соработка меѓу Општина Куманово – Република Северна Македонија и Општина Чајетина – Република Србија.

Член 2

Збратимувањето има за цел воспоставување и унапредување на долгорочна соработка меѓу Општина Куманово и Општина Чајетина, преку размена на искуства, знаења и добри практики од значење за локалниот развој и унапредувањето на квалитетот на животот на граѓаните.

Соработката особено ќе се развива во областите на локалната самоуправа, локалниот економски развој, културата, образованието, спортот, туризмот, младите, заштитата на животната средина, како и во други области од заемен интерес.

Член 3

Соработката меѓу Општина Куманово и Општина Чајетина може да се остварува преку:

- Да се воспостави и стимулира соработката помеѓу локалните самоуправи, размена на искуства и идеи во сите сфери на општествено – економски живот.
- Да се воспостави платформа за интензивирање на економска соработка, како и размена на идеи и искуства и изработка на заеднички проекти од областа на економски развој на локално ниво.
- Да се воспостави платформа за партнерство во областа на подготовка и учество во проекти од заеднички интерес за општествено – економски развој.
- Страните да воспостават соработка во областа на образование, култура, литература и уметност, спортот.
- Страните да ја поддржат и развиваат организацијата на заеднички активности и културни настани, фестивати, изложби, театарски претстави, концерти, и друли културни активности.
- Страните да го поддржат и промовираат развојот и соработката помеѓу младите, спортските и невладините организации на ниво на локални заедници.
- Страните да го поддржат развојот и соработката на институциите од областа на надлежностите кои ги имаат, во дел на размена на знаења и искуства.

Член 4

За реализација на целите и активностите од оваа одлука, Општина Куманово и Општина Чајетина можат да склучуваат договори, протоколи, програми и други акти со кои поблиску ќе се уредуваат облиците, начинот и условите на соработката.

Член 5

За реализација на активностите што произлегуваат од соработката, средствата се обезбедуваат согласно закон, во рамките на можностите и расположливите средства во Буџетот на Општина Куманово, како и од други дозволени извори на финансирање.

Оваа одлука сама по себе не создава финансиски обврски за Општина Куманово, доколку тие не се предвидени и одобрени согласно закон.

Член 6

Се овластува градоначалникот на Општина Куманово да го потпише Договорот за збратимување и соработка со Општина Чајетина.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 15380/6
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

676.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за давање согласност на Измена и дополна на Годишен план за вработување во 2026 година на ООУ „Бајрам Шабани" – Куманово

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Измена и дополна на Годишен план за вработување во 2026 година на ООУ „Бајрам Шабани" – Куманово, Бр. 09 – 15380/10, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-15934/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

677.

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3, став 2 и став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност на Измена и дополна на Годишен план за вработување во 2026 година на ООУ „Бајрам Шабани" – Куманово

Член 1

Се дава согласност на Измена и дополна на Годишниот план за вработување во 2026 година на ООУ „Бајрам Шабани“ – Куманово, бр. 01 – 172/2 од 26.10.2026 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 15380/10
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

678.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за исправка на техничка грешка во Одлуката за пренесување на правото на трајно користење на движни ствари на Јавно претпријатие „Чистота и зеленило“ – Куманово

1. Се објавува Одлуката за исправка на техничка грешка во Одлуката за пренесување на правото на трајно користење на движни ствари на Јавно претпријатие „Чистота и зеленило“ – Куманово, Бр. 09 – 15380/11, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-15935/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

679.

Врз основа на член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

О Д Л У К А
за исправка на техничка грешка во Одлуката за пренесување на правото на трајно користење на движни ствари на Јавно претпријатие „Чистота и зеленило“ - Куманово

Член 1

Се врши исправка на техничка грешка во Одлуката за пренесување на правото на трајно користење на движни ствари на Јавно претпријатие „Чистота и зеленило“- Куманово,

бр. 09-14450/6 од 05.10.2026 година („Службен гласник на Општина Куманово“ бр 13/26), со тоа што во член 1, под број 3 - **Мултифункционално возило за урбано одржување со заден механизам од 8 m³, наместо** „Број на шасија: ZCFAEIGE802775712”, треба да стои „Број на шасија: ZCFAE1EG802775712”.

Во член 1, под број 5 - **Специјален камион – цистерна од 10 m³, наместо** „Број на шасија: ZCFAEITN902775137”, треба да стои **„**Број на шасија: ZCFAE1TN902775137”.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 15380/11
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

680.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за уредување на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово

1. Се објавува Одлуката за уредување на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово, Бр. 09 – 15380/14, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-15938/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

681.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25, 101/25 и 223/26), член 22 став 1 точка 4 и член 24 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 5 став 1 точка 5, член 14 став 2 алинеа 4 и член 24 став 1 алинеа 4 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и

„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20, 255/24, 3/25, 17/25 и 223/26), членовите 43, 44, 45, 46, 47 и 48 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) и член 25 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

О Д Л У К А

за уредување на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово

I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа одлука се уредува општински линиски превоз на патници на подрачје на општината врз основа на Дозвола издадена од Градоначалник на Општина Куманово.

Општината е должна да организира општински линиски превоз на патници како јавна служба, односно уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници може да го делегира на други правни или физички лица врз основа на договор за извршување на работи од јавен интерес од локално значење.

Член 2

Советот на Општината Куманово го уредува општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општината, при што особено утврдува:

- единствена мрежа на линии,
- возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување,
- начин на организирање на контролата на сообраќајот на автобусите и линиите, како и евиденција за тоа,
- тарифен систем, систем на наплата и начин и контрола на наплата,
- локација на автобуските терминали, свртувалишта, стојалишта и постапка за нивна измена,
- изградба, обележување, опремување, одржување и користење на автобуските терминали, свртувалишта и стојалишта,
- одредување на релација и место на превоз со комби возила со најмалку девет седишта (8+1) и
- критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење на општински линиски превоз и распределувањето на линиите на превозниците во општинскиот линиски превоз.

II ЕДИНСТВЕНА МРЕЖА НА ЛИНИИ

Член 3

Како единствена мрежа на линиите на подрачјето на Општината Куманово се утврдуваат следните линии:

Реден број Број, назив и траса на линијата

1. ПРОЕВЦЕ - ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА (од с.Проевце, ул.Б.Б.Гуцман, бул.Октомвриска Револуција, ул.Доне Божинов, ул.Гоце Делчев, бул.3-та МУБ, ул.11-ти Октомври, ул.Индустриска, ул.807 Железничка Станица)
2. ГОРНО КОЈНАРЕ - ДОЛНО КОЈНАРЕ - КУМАНОВО (пат за с.Горно Којнаре,Р 1104, Киро Бурназ, ул.Никола Тесла, Автобуска Станица, ул.Доне Божинов, ул Гоце Делчев, бул.3-та МУБ, ул.11-ти Октомври, ул.Индустриска, ул.11-ти Ноември, ФЗЦII)
3. с.ДОБРАШАНЕ - ЗЕЛЕН РИД - ИНДУСТРИСКА (с.Добрашане, Р-1204 петелка за Шупли Камен, бул.3-та МУБ, ул.В.С.Бато, ул.АВНОЈ, ул.Тоде Думба, ул.Народна Револуција, бул.3-та МУБ, ул.Гоце Делчев, ул.11-ти Октомври, , ул.Индустриска)
4. ЛИВАДЕ с.КАРПОШ - ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА (ул.100, Никуљски пат, ул.Доне Божинов, ул.Гоце Делчев, бул.3-та МУБ, ул.11-ти Октомври, ул.Железничка, ул.Индустриска)
5. с.РЕЖАНОВЦЕ - КУМАНОВО (пат од с.Режановце, ул.11-ти Ноември, ул.11-ти Октомври, бул.3-та МУБ, ул.Гоце Делчев, ул Доне Божинов до Автобуска станица)
6. КУМАНОВО - БЕДИЊЕ - с.ЛОПАТЕ (Автобуска Станица, ул.ДонеБожинов, ул.Гоце Делчев, бул.3-та МУБ, ул.11-ти Октомври, ул.11-ти Ноември, пат за с.Лопате)
7. БЕДИЊЕ - с.ТРОМЕЃА (ул.Индустриска, ул.11-ти Октомври, бул.3-та МУБ, ул.Гоце Делчев, ул.Доне Божинов, бул.Октомвриска Револуција, ул.Ѓорче Петров, ул.Михајло Пупин, ул.Веселин Маслеша, Р-1204, пат за с.Тромеѓа)
8. ЧЕРКЕЗИ - КУМАНОВО (пруга во с.Черкези, Р-1104, ул.Индустриска, ул.11-ти Ноември, ул.11-ти Октомври, бул.3-та МУБ, ул.Гоце Делчев, ул.11-ти Октомври, ул. Сава Ковачевиќ, бул.3-та МУБ, ул. 11-ти Октомври)
9. с.БИЉАНОВЦЕ - ПОЖАРНА (с.Биљановце, Биљановски пат, ул.Народна Револуција, бул.3-та МУБ, ул.Сава Ковачевиќ, ул.11-ти Октомври)
10. с.УМИН ДОЛ - с.НОВО СЕЛО - с.ЉУБОДРАГ - КУМАНОВО (Р-1104, ул.11-ти Октомври, бул.3-та МУБ, ул.Гоце Делчев, ул.Доне Божинов, Автобуска Станица)
11. РОМАНОВЦЕ - КУМАНОВО (пат за с.Романовце, ул.Тоде Мендол, ул. Благој Илиев Гуне, бул.3-та МУБ, ул.Гоце Делчев, ул.11-ти Октомври, ул 11-ти Ноември, ул.Индустриска, с.Бедиње)
12. КУМАНОВО - с.РЕЧИЦА (Автобуска Станица, Доне Божинов, ул.11-ти Октомври, бул.3-та МУБ, ул Гоце Делчев, ул.Никола Тесла, пат за с.Речица)
13. АВТОБУСКА СТАНИЦА - с.ОРАШАЦ - с.СКАЧКОВЦЕ - с.НОВОСЕЉАНЕ - с.КОСМАТАЦ - с.МУРГАШ - с.КУЧКАРЕВО - с.ГАБРЕШ - ГРАДИШТЕ - с.ПЕЗОВО - с.КШАЊЕ - с.КОКОШИЊЕ (ул.Доне Божинов, ул.Гоце Делчев, бул.3-та МУБ, Р-1204, пат за с.Орашац, пат за Скачковце, пат за с.Новосељане, пат за с.Косматац, пат за с.Мургаш, пат за с.Кучкарево, пат за с.Габреш, пат за с.Градиште, пат за с.Пезово, пат за с.Кшање, пат за с.Кокошиње)
14. КУМАНОВО - ШУПЛИ КАМЕН (Автобуска Станица, ул.Октомвриска Револуција, ул.Бранко Богдански Гуцман, ул.3-та МУБ, Р-1204, пат за Шупли Камен)
15. КУМАНОВО - ТАБАНОВЦЕ - КАРАБИЧАНЕ - С.СОПОТ (Автобуска Станица, ул.Доне Божинов, ул.Никола Тесла, Р-1104, пат до с.Сопот)
16. КУМАНОВО - ЧЕТИРЦЕ - ТАБАНОВЦЕ (СЛАНИШТЕ) (Автобуска Станица, ул.Доне Божинов, ул.Никола Тесла, Р -1104, пат за с.Четирце, пат за с.Табановце, Сланиште)

17. КУМАНОВО - с.ПЧИЊА – с.ВАКВ – с.ПЧИЊА – с.СТУДЕНА БАРА (Автобуска Станица, ул.Доне Божинов, ул.11-ти Октомври, бул.3-та МУБ, ул.Народна Револуција, пат за с.Пчиња, пат за с.Вакв, пат за с.Пчиња, пат за с.Студена Бара)

18. КУМАНОВО - КОСТУРНИК (Автобуска Станица, ул.Доне Божинов, ул.11-ти Октомври, Автопат Куманово-Белград, Живинарска Фарма, пат за Костурник)

19. БАЈРАМ ШАБАНИ – БЕДИЊЕ (ул.Бајрам Шабани, ул.Гоце Делчев, ул.11-ти Октомври, ул.11-ти Ноември, ФЗЦ)

Член 3 - а

Од единствената мрежа на линиите на подрачјето на Општината Куманово, утврдени во членот 3 од оваа одлука, се формираат групи (пакети) од поедини линии:

Пакет 1

- 11. РОМАНОВЦЕ - КУМАНОВО (пат за с.Романовце, ул.Тоде Мендол, ул. Благој Илиев Гуне, бул.3-та МУБ, ул.Гоце Делчев, ул.11-ти Октомври, ул 11-ти Ноември, ул.Индустриска, с.Бедиње) и
  19. БАЈРАМ ШАБАНИ – БЕДИЊЕ (ул.Бајрам Шабани, ул.Гоце Делчев, ул.11-ти Октомври, ул.11-ти Ноември, ФЗЦ).

Пакет 2

- 7. БЕДИЊЕ - с.ТРОМЕЃА (ул.Индустриска, ул.11-ти Октомври, бул.3-та МУБ, ул.Гоце Делчев, ул.Доне Божинов, бул.Октомвриска Револуција, ул.Ѓорче Петров, ул.Михајло Пупин, ул.Веселин Маслеша, Р-1204, пат за с.Тромеѓа) и
  14. КУМАНОВО - ШУПЛИ КАМЕН (Автобуска Станица, ул.Октомвриска Револуција, ул.Бранко Богдански Гуцман, ул.3-та МУБ, Р-1204, пат за Шупли Камен).

Член 4

Превозниците, општината, урбаните и месните заедници, други институции, здруженија и граѓаните можат да иницираат воведување на нови линии што не се содржани во единствената мрежа на линии, како и продолжување, скратување и укинување на постојните автобуски линии.

За воведување нови линии, продолжувања, скратување и укинување на постојните линии одлучува Советот на Општината Куманово, врз основа на истражувања и анализи за исполнетоста на неопходните сообраќајно - технички, безбедносни, економски и други услови во согласност со закон и други прописи донесени врз основа на закон.

Член 5

Линијата во Општинскиот линиски превоз на патници има свој број и назив.

Називот на линијата се означува со името на почетното - крајно свртувалиште.

Автобусите на предната и бочната десна страна на видно место треба да го содржат бројот на линијата, почетното и крајното стојалиште.

Бројот и називот на линијата се поставуваат и на автобуските стојалишта и автобуските свртувалишта.

III ВОЗЕН РЕД, НАЧИН НА НЕГОВО ИСТАКНУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ

Член 6

Возен ред е документ со кој се утврдува линијата, видот на превозот, релациите на кои се врши превозот, редоследот на станиците и стојалиштата, нивната оддалеченост од почетната станица или стојалиште, времето на пристигнување, застанување и заминување на секоја автобуска станица и стојалиште, периодот во кој превозникот го врши превозот на линијата и времето на важење.

Возниот ред го регистрира градоначалникот на општината.

Возен ред се истакнува во автобусите, на почетно - крајните свртувалишта и попатните стојалишта.

Возниот ред во автобусите го истакнува превозникот, а на останатите локации и во јавноста го објавува и истакнува општината.

Промена на постоен возен ред може да се прави доколку во новиот возен ред кој се предлага се прави промена на времиња на поаѓање и враќање на која било почетна, попатна или крајна станица, додавање и/или кратење на попатни станици, додавање и/или намалување на број на поаѓање и враќање во возниот ред, додавање и менување на ден/денови од возниот ред и промена на режимот на одржување на линијата.

Истиот претставува флексибилен елемент во превозот на патници и перманентно се усогласува со превозните потреби на граѓаните и по барање на превозниците и месните заедници може да се измени.

Член 7

Возен ред се изготвува во период од 5 (пет) години и тоа за периоди:

- зимски возен ред од 31.08 - 15.06
- летен возен ред од 16.06 - 30.08
- од понеделник до петок
- за сабота и недела
- државни празници
- за верски празници

Член 8

Возниот ред сезонски, се дополнува со траси кон:

- летни излетнички места
- зимски излетнички места
- сабота и недела кон викенд излетнички места.

Член 9

Превозникот е должен линијата да ја обавува согласно регистрираниот возен ред.

При реализација на возниот ред на линијата, превозникот е должен да застанува само на автобуските стојалишта и свртувалишта утврдени со оваа одлука.

Член 10

За време на важење на дозволата превозот може привремено да се запре или привремено да се редуцира возен ред, ако настанат и додека траат причините кои превозникот не можел да ги предвиди и чии последици не можел да ги отстрани (виша сила).

Привременото запирање од ставот 1 на овој член превозникот е должен да го пријави до општината, веднаш по настанувањето на причините кои го предизвикале.

Превозникот во рок од 30 дена пред откажување на линијата е должен да го извести за изменување надлежниот орган при општината.

IV НАЧИН НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КОНТРОЛАТА НА СООБРАЌАЈОТ НА АВТОБУСИТЕ И ЛИНИИТЕ, КАКО И ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ТОА

Член 11

Превозниците кои ќе добијат дозвола и регистриран возен ред должни се да формираат диспечерски центар.

Диспечерскиот центар го организира, контролира и евидентира извршувањето на општински линиски превоз на патници, возните редови и изготвува извештај за реализација на истиот.

V ТАРИФЕН СИСТЕМ, СИСТЕМ НА НАПЛАТА И НАЧИН И КОНТРОЛА НА НАПЛАТА

Член 12

На подрачјето на Општина Куманово и општините на чие подрачје се врши превоз на патници согласно оваа одлука, се утврдуваат 6 зони како основ за определување на надоместокот за извршената услуга во превозот на патници и тоа:

- I зона ги опфаќа сите утврдени линии во градскиот превоз на оддалеченост до 4 км и деловите на трасите на сите линии во приградскиот превоз односно автобуските стојалишта кои ги означуваат границите на првата зона.
- II зона ги опфаќа деловите на сите утврдени линии во приградскиот превоз на оддалеченост до 7 км од автобуските стојалишта кои ги означуваат границите на првата зона до автобуските стојалишта кои ги означуваат границите на втората зона.
- III зона ги опфаќа деловите на трасите на сите утврдени линии во приградскиот превоз на оддалеченост до 10 км од автобуски стојалишта кои ги означува границите на втората зона до автобуските стојалишта кои ги означуваат границите на третата зона.
- IV зона ги опфаќа деловите на трасите на сите утврдени линии во приградскиот превоз на оддалеченост до 15 км од автобуски стојалишта кои ги означуваат границите на трета зона до автобуските стојалишта кои ги означуваат границите на четврта зона.
- V зона ги опфаќа деловите на трасите на сите утврдени линии во приградскиот превоз на оддалеченост до 20 км од автобуски стојалишта кои ги означува границите на четврта зона до автобуските стојалишта кои ги означуваат границите на петта зона.
- VI зона ги опфаќа деловите на трасите на сите утврдени линии во приградскиот превоз на оддалеченост до 30 км од автобуски стојалишта кои ги означуваат границите на петта зона до автобуските стојалишта кои ги означуваат границите на шеста зона.

Во превоз на патници се утврдуваат следните тарифни броеви според зоните за превоз и тоа:

- Тарифен број 1 кој се однесува за прва зона, вредноста на надоместокот за превозниците не може да биде повисока од 50 денари без вклучен ДДВ.
- Тарифен број 2 кој се однесува за втора зона, вредноста на надоместокот за превозниците не може да биде повисока од 60 денари без вклучен ДДВ.
- Тарифен број 3 кој се однесува за трета зона, вредноста на надоместокот за превозниците не може да биде повисока од 80 денари без вклучен ДДВ.
- Тарифен број 4 кој се однесува за четврта зона, вредноста на надоместокот за превозниците не може да биде повисока од 100 денари без вклучен ДДВ.
- Тарифен број 5 кој се однесува за петта зона, вредноста на надоместокот за превозниците не може да биде повисока од 120 денари без вклучен ДДВ.

Тарифен број 6 кој се однесува за шеста зона, вредноста на надоместокот за превозниците не може да биде повисока од 140 денари без вклучен ДДВ.“

Носителите на линиите на територија на Општина Куманово се должни да ја унифицираат (усогласат) цената по зони, врз основа на методологија која ги опфаќа следниве трошоци:

- Трошоци на потрошувачка (гориво, мазиво, гуми, оддржување и поправка)
- Временско зависните трошоци (амортизација, плати, осигурување, регистрација на возила)

Бесплатниот превоз на ученици утврден со Законот за основното образование и Законот за средното образование на подрачјата на општините каде што има утврден возен ред се врши од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз, а на подрачјата на две или повеќе општини каде што има утврден возен ред во рамки на меѓуопштинскиот линиски превоз се врши од страна на носителите на дозвола за меѓуопштински линиски превоз, по цени и на начин утврдени од Советот на Општина Куманово.

Доколку постојат повеќе превозници на една линија со утврден возен ред, начин на распределба на број на ученици рамномерно ќе се распределува во ист процент на носители на одобрени линии.

Превоз за ученици на кои не им следува бесплатен превоз утврден со закон за основното образование и закон за средното образование како и превоз за редовни студенти ќе се врши од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз по цени кои се за 50% пониски од утврдените тарифи од оваа одлука. Право на користење на оваа мерка имаат сите ученици кои кај самите превозници ќе доставуваат претходно издадена потврда од училиштето во кое посетуваат настава, додека редовните студенти како доказ за користење на мерката ќе приложуваат студентска легитимација.

VI ЛОКАЦИЈА НА АВТОБУСКИТЕ ТЕРМИНАЛИ, СВРТУВАЛИШТА, СТОЈАЛИШТА И ПОСТАПКА ЗА НИВНА ИЗМЕНА

Член 13

Автобуски свртувалишта лоцирани на подрачјето на Општината Куманово се:

1. Автобуска станица
2. Хотел Куба
3. Добрашане
4. с.Проевце
5. Поранешна Ф-ка Искра
6. Шупли Камен
7. Железничка Станица
8. Умин Дол
9. с.Режановце
10. с.Лопате
11. Горно Којнаре
12. с.Четирце
13. с.Сопот
14. с.Табановце
15. Карпош
16. с.Тромеѓа
17. с.Романовце
18. Перо Чичо
19. Бедиње
20. Биљановце
21. с.Габреш
22. Долно Којнаре
23. с.Градиште
24. с.Кокошиње
25. с.Кшање
26. с.Мургаш
27. с.Кучкарево
28. с.Орашац
29. с.Студена Бара
30. с.Скачковце
31. с.Костурник
32. с.Черкезе
33. с.Зебрњак (м.в.Ливаде)
34. Салон
35. Крстосница на ул 1 и ул.70 нас.Карпош
36. Црква во с.Речица
37. Железничка СтаницаII
38. Табановце (с.Сланиште)
39. Зелен Рид (Пошта)
40. ФЗЦ 1
41. ФЗЦ 2
42. ЧИК
43. Љубодраг
44. Карабичане
45. Агро Куманово

46. Роси Петрол
47. с.Пчиња
48. Твинс Петрол
49. Бабин Дол
50. с.Љубодраг

Член 14

Автобуски стојалишта лоцирани на подрачјето на Општината Куманово се:

Ул.„11-ти Октомври“

1.Станица за технички преглед
2.Поранешна ф-ка Искра
3.Болница
4.Болница 1 (спроти Болница)
5.Џамија
6.СУД

Ул.„Србо Томовиќ“

1.ООУ Толи Зордумис

Ул.„3-та МУБ“

1. АРМ
2. ЗИК Дирекција
3. Спроти ЗИК Дирекција - ПАЈКО
4. Серава
5. Бензинска Станица ЛУК ОИЛ (ООУ Бајрам Шабани)
6. По слаткарница ЈУЛИЈА пред крстосница со ул.„Гоце Делчев“ – (Кружен Тек)
7. Пред крстосница со ул.„Народна Револуција“ – ресторан Рим – Париз
8. Рим – Париз 1 (фризерско студио Долче Вита)
9. Поранешна Тракторска
10. Стари згради
11. По крстосница помеѓу ул.„3-та МУБ“, ул.„Бранко Богдански – Гуцман“ и ул.„Октомвриска Револуција“ (Митев Мост - спроти бензинска пумпа Макпетрол)
12. Пред крстосница помеѓу ул.„3-та МУБ“, ул.„Бранко Богдански – Гуцман“ и пат за Стара Бања
13. Ловечки Дом

Ул.„Доне Божинов“

1. Прмакови ниви
2. Музеј
3. Споменик Костурница
4. Салон КИМКО

Ул.„Октомвриска Револуција“

1. Табакана

2. Табакана 1 (спроти Табакана)
3. Стаклопан
4. Мај Маркет
5. Зелен Пазар
6. Сервис Чоче
7. По крстосница на ул.„Октомвриска Револуција“,ул.„Ѓорче Петров“ и ул.„Иво Лола Рибар“
8. Кеј пред крстосница со ул.„Ѓорче Петров“, ул. „Октомвриска Револуција“ и ул.„Иво Лола Рибар“
9. Спортска Сала
10. Кеј спроти Спортска Сала
11. Ресторан на Кеј

Ул.„Никола Тесла“

1. По крстосница со ул.„Јоско Илиевски“ (Еуромаркет Ана)
2. Надвозник на ул.„Никола Тесла“ 1 (Железнички Мост)
3. Ридарче на ул.„Никола Тесла“ пред стовариште
4. Станица Никола Тесла пред мост за Долно Којнаре (Златен Клас)

Ул.„1-ва“ Долно Којнаре

1. По надвозник за Долно Којнаре (Сервис Мујо)
2. Сервис Васе Старт
3. Сточен Пазар/Земјоделско Училиште
4. Основно Училиште во Долно Којнаре
5. Хотел Хармонија
6. Четирска Мала

Регионален пат Р-2237 врска со Р-1204

1. Бензинска пумпа Сателит/ Крст
2. ООУ Магдалена Антова
3. Прмак
4. Центро Бизнис
5. Маркет Два Браќа
6. Салон/ Штуз – Сервис
7. Јоцо Турс
8. Бара
9. Кош
10. м.в.Ливаде

Регионален пат Р-1204 врска со А2

1. Св.Мина
2. Технички преглед Автоконтрол (Кокошарници) Доброшане
3. База
4. Кланица
5. Песак
6. Мишаци
7. Доброшане Црква - излез/Исклучок за с.Шупли Камен
8. Бензинска Станица Роси Петрол
9. м.в.Бела Ограда
10. Ајдучка Чешма
11. Новосељане
12. Косматац
13. Пезово
14. Градиште

Регионален пат Р-2133 врска со Р-1104

1. Профинен
2. Сув мост на пат за с.Табановце
3. Бузина Мала
4. Основно Училиште во с.Табановце
5. Воиновиќ на пат за с.Сопот
6. ООУ Христијан Тодоровски Карпош (Умин Дол)

Ул.„Гоце Делчев“

1. Уред
2. Гарнизон

Ул.„Народна Револуција“

1. Соколана
2. Соколана 1 (маркет Скорупан)
3. Во близина на ф-ка „Босут“
4. Менкова Колиба

Ул.„Биљановска“

1. Градски Гробишта

Ул.„Тоде Думба“

1. Трафостаница на крстосница со ул.„Биљановска“
2. По крстосница на ул.„Тоде Думба“ и ул. „Биљановска “ (Д-р.Божо)

3. Скали
4. Маркет Фроси/Поранешен Житомел
5. Кошеви
6. Турска Пекара (ООУ Кочо Рацин)

Ул.АВНОЈ

1. Комплекс згради БЕЛА

Ул.„Видое Смилевски – Бато“

1. Крстосница на ул.„АВНОЈ“ со ул.„Видое Смилевски – Бато“
2. Пошта на ул.В.С.Бато

Ул.„11-ти Ноември“

1. Брза Помош
2. Маркет Селман
3. Бедиње Касарна
4. Бедиње Црква
5. Југо Фер
6. Амбалажа
7. ФЗЦ 1
8. Бензинска Станица Алија Комерц
9. Бедиње – Расадник

Ул.„Индустриска“

1. Југ – Турист
2. Агро Куманово
3. Силекс
4. Индустриска 1,2

Ул.„Бајрам Шабани“

1. Планирана 2(втора) крстосница на ул.„Максим Горки“ со ул.„Бајрам Шабани“
2. Крстосница на ул.„Прозорска“ со ул.„Бајрам Шабани“

Ул.„Тоде Мендол“

1. Зелен Пазар
2. Крстосница на ул.„Тоде Мендол“ со ул.„Благој Илиев – Гуне“
3. Џамија на ул.„Тоде Мендол“

Ул.„Михајло Пупин“

1. Пошта

2. По крстосница на ул.„Ѓорче Петров“ со ул.„Михајло Пупин“
3. ООУ Христијан Карпош

Ул.„Ѓорче Петров“

1. Туш Маркет
2. Ѓорче Петров (Гладно Поле)
3. Коки Проширување

Ул.„Бранко Богдански – Гуцман“

1. Градинка
2. Пред крстосница со ул.„Вараждинска“ и ул.„Драган Стопаревиќ“

Рурални населени места

- Проевце 1
- Стара Бања
- Режановце 1 влез, Режановце 2 село
- ул.Веселин Маслеша
- Пуковско (Крст пред с.Тромеѓа, Пузаљка, Трафостаница, Карадаци)
- Романовце 1 влез, Романовце 2 излез
- Черкезе 1 влез, Черкезе 2, Черкезе 3, Черкезе село, Черкезе 4
- Љубодраг 1, Љубодраг 2
- Ропаљска Станица
- Ново Село (влез, школо, продавница, излез)
- Менкова Колиба
- Пчиња 1 влез, Пчиња 2 село, Пчиња 3 крајна станица
- Сепарација на пат за Шупли Камен
- с.Орашац ПУ ООУ Кочо Рацин
- Биљановце 1 влез, Биљановце 2 село, Биљановце 3 крајна станица
- Лопате 1 влез, Лопате 2 црква, Лопате 3 мост, Лопате 4 излез
- Пред крстосница на ул.1 и ул.30 (Трафостаница на Никуљски пат)
- Пред крстосница на ул.1 и ул.40 (Пред Бара на Никуљски пат)
- Влез во с.Речица1, Речица 2 село, Речица школо, Речица 4
- Долно маало во с.Речица
- Основно училиште во с.Тромеѓа
- Бабин Дол 1, Бабин Дол 2 -
- Умин Дол 1 влез, Умин Дол 2, Умин дол 3 излез
- Муслимански Гробишта (с.Романовце)
- Романовце 1 влез, Романовце 2 село, Романовце 3 излез

Наведените локации се орентациони а точните ќе бидат утврдени согласно техничката документација за поставување на урбана опрема, во постапка за одобрување за

поставување, согласно Програма за поставување на урбана опрема на автобуски стојалишта.

Член 15

За отварање на нови, укинување или преместување на постојно свртувалиште или стојалиште одлучува Советот на Општината, ако е тоа во интерес на граѓаните и безбедноста на сообраќајот.

VII ИЗГРАДБА, ОБЕЛЕЖУВАЊЕ, ОПРЕМУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА АВТОБУСКИТЕ ТЕРМИНАЛИ, СВРТУВАЛИШТА И СТОЈАЛИШТА

Член 16

Изградбата, обележувањето, опремувањето, одржувањето и начинот на користење на автобуски свртувалишта и стојалишта во општинскиот линиски превоз на патници го врши Општина Куманово.

Член 17

Општински линиски превоз на патници со минимум 3 автобуси и 1 комби возило ќе се врши на следните линии:

3. с.ДОБРАШАНЕ - ЗЕЛЕН РИД - ИНДУСТРИСКА
4. ЛИВАДЕ с.КАРПОШ - ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА
7. БЕДИЊЕ - с.ТРОМЕЃА

Општински линиски превоз на патници со минимум 2 автобуси ќе се врши на следните линии:

1. ПРОЕВЦЕ - ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА
2. ГОРНО КОЈНАРЕ - ДОЛНО КОЈНАРЕ - КУМАНОВО
6. КУМАНОВО - БЕДИЊЕ - с.ЛОПАТЕ
8. ЧЕРКЕЗИ - КУМАНОВО
9. с.БИЉАНОВЦЕ - ПОЖАРНА
10. с.УМИНДОЛ - с.НОВОСЕЛО - с.ЉУБОДРАГ – КУМАНОВО
11. РОМАНОВЦЕ – КУМАНОВО
17. КУМАНОВО - с.ПЧИЊА - с.СТУДЕНА БАРА

Општински линиски превоз на патници со минимум 3 комби возила со најмалку 20 седишта ќе се врши на следните линии:

13. АВТОБУСКА СТАНИЦА - с.ОРАШАЦ - с.СКАЧКОВЦЕ - с.НОВОСЕЉАНЕ - с.КОСМАТАЦ - с.МУРГАШ - с.КУЧКАРЕВО - с.ГАБРЕШ - ГРАДИШТЕ - с.ПЕЗОВО - с.КШАЊЕ - с.КОКОШИЊЕ

Општински линиски превоз на патници со минимум 2 комби возила со најмалку 20 седишта ќе се врши на следните линии:

5. с.РЕЖАНОВЦЕ - КУМАНОВО
12. КУМАНОВО - с.РЕЧИЦА
15. КУМАНОВО - ТАБАНОВЦЕ - КАРАБИЧАНЕ - С.СОПОТ
16. КУМАНОВО - ЧЕТИРЦЕ - ТАБАНОВЦЕ (СЛАНИШТЕ)
18. КУМАНОВО - КОСТУРНИК
19. БАЈРАМ ШАБАНИ – БЕДИЊЕ

VIII ОДРЕДУВАЊЕ НА РЕЛАЦИЈА И МЕСТО НА ПРЕВОЗ СО КОМБИ ВОЗИЛА СО НАЈМАЛКУ ДЕВЕТ СЕДИШТА (8+1)

Член 18

Општински линиски превоз на патници со минимум 2 комби возило со најмалку 9 седишта (8+1) ќе се врши на линија:

14. КУМАНОВО - ШУПЛИ КАМЕН

IX КРИТЕРИУМИ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ И РАСПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА ЛИНИИТЕ НА ПРЕВОЗНИЦИТЕ ВО ОПШТИНСКИОТ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ

Член 19

Изборот на превозникот за добивање на Дозвола за определена линија во Општинскиот линиски превоз се врши по пат на јавен оглас објавен од Општина Куманово во дневниот печат. Постапката по јавниот оглас ја спроведува комисија именувана од градоначалникот на Општина Куманово составена од претседател и тројца членови и тројца нивни заменици.

Пријавите по огласот се поднесуваат во запечатени пликови во архивата на Општина Куманово.

Пликот со пријавата мора да има ознака "Пријава по Оглас бр. __" со назнака "за Комисијата".

Пријавата поднесена од страна на превозникот мора да ги содржи следните податоци и документи:

- Полн назив, седиште и адреса на превозникот;
- Матичен број и даночен број на превозникот;
- Назначување на линијата на која превозникот бара да учествува во реализацијата на единствениот возен ред.
- Докази за исполнување на бараните услови објавени во јавниот оглас.

Во постапка за разгледување се земаат во предвид само навреме поднесените пријави. Барањата поднесени по истекот на рокот и барањата кон кои не се приложени сите докази пропишани со огласот нема да бидат разгледувани и комисијата ќе ги отфрли како неосновани.

Во случај на поднесени две или повеќе понуди со ист број на поени, ќе биде избран понудувачот кој прв поднел пријава по објавениот оглас до архива на Општина Куманово.

За својата работа Комисијата изготвува Извештај со предлог за давање на дозвола за линиите објавени во јавниот оглас кој го доставува до градоначалникот.

Градоначалникот донесува решение за одобрени односно одбиени барања. Против ова решение може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до министерот за транспорт.

Член 20

На јавниот оглас може да се јави превозник под услов да ги исполнува условите определени во јавниот оглас.

Еден превозник може да аплицира за една или повеќе линии или пакет на линии.

На една линија односно за еден пакет на линии, дозвола можат да добијат најмногу двајца превозници.

Услови кои треба да ги исполни превозникот за одобрување на возните редови и линиите во Општинскиот линиски превоз се:

- Лиценца за општински линиски превоз на патници и извод од лиценца за општински линиски превоз на патници за секое возило;
- Да има вработено во редовен работен однос возачи во зависност од бројот на моторните возила (автобуси и комбиња);
- Бонитет или Извештај за биланс на состојба и биланс на успех на превозникот издадени од Централен Регистар на РСМ;
- Да има сопствен паркинг или договор за закуп за времетраење на дозволите за општински линиски превоз на патници;
- Да има капацитет доволен број на автобуси и комби возила потребни за вршење на превоз на патници за линија односно пакет на линии за коишто поднесува понуда, согласно единствена мрежа на линии опфатени во член 3 и член 3 - а од оваа одлука, со минимум ЕУРО 4 еколошки стандард;
- Да имаат автобуси пристапни за лица со посебни потреби.

Член 21

Распределбата на линиите односно пакети на линиите, доколку има и повеќе превозници кои ги исполнуваат условите на јавниот оглас, се врши според следните критериуми:

1.Поседува најмалку 2 возила согласно член 17 и член 18 од оваа одлука со минимум ЕУРО 4 еколошки стандард – предност на доделување повисок еко стандард на возило.

2.Поголем број на поаѓања со што истиот број да биде доволен да одговори на потребите на граѓаните, особено во временски интервали со зголемена фреквенција на сообраќај, термините на поаѓање да бидат на 60 минути. Бројот на поаѓања со кој ќе аплицира секој превозник и ќе биде услов за добивање на дозвола за релацијата на која поднел барање не може да се намалува за време на важење на дозволата, освен во исклучителни ситуации кога за истото ќе постои економска оправданост.

Во возните редови со кои ќе аплицира секој превозник потребно е да бидат опфатени сите автобуски стојалишта наведени во член 14 од оваа одлука.

За линиите бр.3,4 и 7 бројот на поаѓања потребно е да биде минимун 15.

3.Има сопствен паркинг простор или договор за користење за времетраење на дозволите за општински линиски превоз на патници.

Начин на евалуација ќе се врши на следниот начин:

Еколошки стандард за возило – 40 бодови

Број на поаѓања – 60 бодови

Доставените пријави ќе се оценуваат на следниот начин:

Еколошки стандард на возило – ЕУРО 4 -30, ЕУРО 5 – 35 и ЕУРО 6 – 40 бодови;

Број на поаѓање $\frac{\text{број на понудени поаѓања од превозник што се оценува}}{\text{највисок број на поаѓања од доставените пријави}}$ х максимален број на бодови

Член 22

Врз основа на конечното решение за доделена линија, Општина Куманово и избраниот превозник склучуваат договор во писмена форма во кој поблиску се утврдуваат постапката и начинот за вршење на дејност од јавен интерес.

Член 23

По склучување на договор помеѓу Општина Куманово и избраните превозници, Градоначалникот им издава дозвола за определена линија и заверен возен ред со којшто избраните можат да отпочнат со вршење на превоз на општински линиски превоз на патници.

Член 24

При вршење на општински линиски превоз на патници превозникот е должен во возилото да има извод од лиценца, дозвола, патен налог во оригинал и регистриран возен ред во оргинал.

Превозникот е должен да се придржува на регистрираниот возен ред и редовно да ја одржува линијата.

Член 25

Дозвола за вршење на општински линиски превоз содржи: назив на линијата, маршута по која се одвива, назив и седиште на превозникот како и рок на важење. Дозволата може да ја користи само превозникот на кој што му е издадена, и не може да се пренесува на друг превозник.

Член 26

Превозникот е должен преку средствата за јавно иформирање да го објави возниот ред на линијата седум дена пред започнување на Општинскиот превоз на патници.

Член 27

Ако превозникот од неоправдани причини не го врши општинскиот линиски превоз на определена линија повеќе од пет дена непрекинато или со прекини во период од 30 дена во текот на годината на предлог на општинскиот инспектор за патен сообраќај, градоначалникот на општината ќе донесе решение за одземање на дозволата.

Член 28

Доколку дозволата за одредена линија што се одржува во текот на важноста на возниот ред согласно на одлуката биде одземена од превозникот, истата може да се додели на друг превозник, учесник на јавниот оглас.

Член 29

За евентуално сторена штета од било кој вид на патниците поради неизвршување на линијата од превозникот трошоците паѓаат на товар на превозникот.

X НАДЗОР

Член 30

Инспекциски надзор на примената на одредбите на оваа одлука врши овластен инспектор за патен сообраќај на општината.

XI КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 31

За непочитување на оваа одлука се применуваат казнените одредби предвидени со Законот за превоз во патниот сообраќај.

XII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 32

Со отпочнување на примена на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за уредување на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово (Сл.Гласник на Општина Куманово бр.17/21, 3/22, 4/23 и 18/23).

Член 33

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово", а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Бр. 09 – 15380/14
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

682.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2026 година

1. Се објавува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2026 година, Бр. 09 – 15380/16, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-15940/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

683.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ бр.5/2002),(Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 34 од Законот за буџети (Службен весник на РМ бр.64/2005,4/2008,103/2008,159/2009,95/2010,180/2011,171/2012,192/2015 и 167/2016) и Службен весник на РСМ бр.151/21,203/22,76/24,272/24,3/25и 258/25) Советот на Општина Куманово на 19-та седница одржана на 29 Октомври 2026 година донесе:

О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **Куманово**
За **2026** година

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаКуманово за 2026 година, на следниот начин :

Потпрограма Потставка	САМОФИНАН.	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
Се зголемуваат приходите на следните потаставки :				
A00 СОВЕТ НА ОПШТИНА				
741119 Наменска дотација на општината за активности од пожарникарство	0	8.060.000	0	0
	0	**8.060.000**	**0**	**0**
и се распредуваат на следните расходни потаставки :				
W00 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА				
401130 Основни плати - други вработени	0	5.500.000	0	0
402110 Основни придонеси за ПИО	0	2.560.000	0	0
	0	**8.060.000**	**0**	**0**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Куманово со што станува составен дел на Буџетот на општината за 2026 година

Бр. 09-15380/16

Претседател на Советот на Општината
Ивана Ѓорѓиевска

684.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за давање согласност за прифаќање на донација на движни ствари на ООУ „Толи Зордумис“ – Куманово

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за прифаќање на донација на движни ствари на ООУ „Толи Зордумис“ – Куманово, Бр. 09 – 15380/17, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-15941/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

685.

Врз основа на член 36 став 1 точки 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општината Куманово („Службен гласник на Општина Куманово бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ДОНАЦИЈА НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ООУ „ТОЛИ ЗОРДУМИС" КУМАНОВО

Член 1

Со оваа Одлука на Советот на Општина Куманово се дава согласност за прифаќање на донација на движни ствари обезбедени од Zentrum für berufliche Weiterbildung ZbW, St. Gallen Швајцарија, и тоа:

- 179 училишни столчиња, со проценета вредност од 26.850 CHF
- 117 училишни маси, со проценета вредност од 40.950 CHF

Вкупната проценета вредност на донацијата изнесува 67.800 CHF.

Член 2

Донацијата е прифатена со Одлука на Училишниот одбор со бр. 02-7/8-3 од 02.10.2026 год. на ООУ „Толи Зордумис"- Куманово.

Член 3

Меѓусебните права и обврски помеѓу донаторот и училиштето се уредени со Договор за донација склучен помеѓу истите со бр.03-620/1 од 08.10.2026 год.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 15380/17
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

686.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за давање согласност на Дополнување на Годишен план за вработување во Општина Куманово за 2026 година

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Дополнување на Годишен план за вработување во Општина Куманово за 2026 година, Бр. 09 – 15380/18, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-15942/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

687.

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3, став 2 и став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност на Дополнување на Годишен план за вработување во Општина Куманово за 2026 година

Член 1

Се дава согласност на Дополнување на Годишниот план за вработување во Општина Куманово за 2026 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 15380/18
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

688.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за поништување на Јавен повик бр. 03/26 – делумно повторување на дополнување, за пројавување на интерес за пријавување на кандидати

за избор на 1 (еден) член на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта“ - Куманово

1. Се објавува Одлуката за поништување на Јавен повик бр. 03/26 – делумно повторување на дополнување, за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта“ - Куманово, Бр. 09 – 15380/19, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-15943/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

689.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 17 став 3 и член 26 став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

О Д Л У К А

за поништување на Јавен повик бр. 03/26 - делумно повторување на дополнување, за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта" - Куманово

Член 1

Поради непријавени кандидати за целосно пополнување на надзорниот одбор на Јавното претпријатие "Пазаришта"– Куманово, јавниот повик бр. 03/26 – делумно повторување на дополнување за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Надзорен одбор од областа на правните работи на Јавно претпријатие „Пазаришта“- Куманово, објавен на ден 29.09.2026 година на веб страницата на Општина Куманово и веб страницата на Јавното претпријатие „Пазаришта“– Куманово, се поништува.

Член 2

Повторувањето на јавниот повик за избор на 1 (еден) член на Надзорен одбор од областа на правните работи на Јавно претпријатие „Пазаришта“ - Куманово, да се изврши во најбрз можен рок.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 15380/19
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

690.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за објавување на Јавен повик бр. 03/26 – второ делумно повторување на дополнување, за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта“ - Куманово

1. Се објавува Одлуката за објавување на Јавен повик бр. 03/26 – второ делумно повторување на дополнување, за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта“ - Куманово, Бр. 09 – 15380/20, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-15945/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

691.

Врз основа на член 17-а став 2 и член 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

О Д Л У К А
за објавување на Јавен повик бр. 03/26 – второ делумно повторување на дополнување, за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта“ - Куманово

Член 1

Со оваа одлука се објавува Јавен повик 03/2026 – второ делумно повторување на дополнување, за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Надзорен одбор од областа на правните работи на Јавно претпријатие „Пазаришта“ - Куманово (поради непријавени кандидати и нецелосно комплетирање на надзорниот одбор на претпријатието на јавниот повик 03/26-делумно повторување на дополнување)

Член 2

Се задолжува Комисијата за селекција формирана со решение бр.09-4437/22 од 12.03.2026 година од страна на Советот на Општина Куманово за спроведување на јавниот повик 03/26-повторување за избор на членови на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта“- Куманово, да го спроведе и Јавниот повик 03/26-второ делумно повторување на дополнување за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта“ - Куманово.

Член 3

Јавиот повик е прилог на оваа Одлука.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 15380/20
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

692.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за давање на трајно користење на градежна машина „Caterpillar“ на Општина Куманово

1. Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за давање на трајно користење на градежна машина „Caterpillar“ на Општина Куманово, Бр. 09 – 15380/7, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-15931/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

693.

Врз основа на член 11 став 1 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24,193/25 и 96/26), член 25 став 1 точка 41 и член 71 став 2 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за давање согласност на Одлуката на ЈП „Чистота и зеленило" – Куманово за давање на трајно користење на градежна машина „Caterpillar" на Општина Куманово

1. Се дава согласност на Одлуката на ЈП „Чистота и зеленило" – Куманово за давање на трајно користење на градежна машина „Caterpillar" на Општина Куманово, Бр. 02 – 1341/1, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие, на седницата одржана на 06.10.2026 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Куманово".

Бр. 09 – 15380/7
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

694.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок

за објавување на Решение за разрешување и именување на претставник од Општина Куманово за член на Управниот одбор на ДСУ РЦСОО „Киро Бурназ" – Куманово

1. Се објавува Решението за разрешување и именување на претставник од Општина Куманово за член на Управниот одбор на ДСУ РЦСОО „Киро Бурназ" – Куманово, Бр. 09 – 15380/21, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-15944/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

695.

Врз основа на член 35 став 1, 2, 4 и 5 од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на РСМ" бр. 3/25, 74/25 и 111/26) и член 25 став 1 точка 39 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување и именување на претставник од Општина Куманово за член на Управниот одбор на ДСУ РЦСОО „Киро Бурназ" – Куманово

1. Се разрешува претставникот од Општина Куманово - член на Управниот одбор на ДСУ РЦСОО „Киро Бурназ" – Куманово, Габриела Тричковиќ.

2. За претставник од Општина Куманово - член на Управниот одбор на ДСУ РЦСОО „Киро Бурназ" - Куманово, се именува Жанина Петровска.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 15380/21
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

696.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок

за објавување на Решение за разрешување и именување на претставник од Општина Куманово за член на Училишниот одбор на ООУ „Браќа Рибар" – с. Табановце

1. Се објавува Решението за разрешување и именување на претставник од Општина Куманово за член на Училишниот одбор на ООУ „Браќа Рибар" – с. Табановце, Бр. 09 – 15380/22, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-15946/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

697.

Врз основа на член 106 став 1, 2 и 5 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ" бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26) и член 25 став 1 точка 39 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на претставник од Општина Куманово за член на Училишниот одбор во ООУ „Браќа Рибар" – с. Табановце

1. Се разрешува претставникот од Општина Куманово - член на Училишниот одбор во ООУ „Браќа Рибар" – с. Табановце, Чедомир Спасовски.

2. За претставник од Општина Куманово - член на Училишниот одбор во ООУ „Браќа Рибар" – с. Табановце, се именува Драгана Милковска.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 15380/22
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

698.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Решение за разрешување и именување на претставник од Општина Куманово за член на Училишниот одбор на ООУ „Јероним Де Рада" – с. Черкези

1. Се објавува Решението за разрешување и именување на претставник од Општина Куманово за член на Училишниот одбор на ООУ „Јероним Де Рада" – с. Черкези, Бр. 09 – 15380/23, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-15947/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

699.

Врз основа на член 106 став 1, 2 и 5 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ" бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26) и член 25 став 1 точка 39 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување и именување на претставник од Општина Куманово за член на Училишниот одбор во ООУ „Јероним Де Рада" – с. Черкези

1. Се разрешува претставникот од Општина Куманово - член на Училишниот одбор во ООУ „Јероним Де Рада" – с. Черкези, Бехар Арифи.

2. За претставник од Општина Куманово - член на Училишниот одбор во ООУ „Јероним Де Рада" – с. Черкези, се именува Самет Фазлији.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 15380/23
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

700.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок

за објавување на Решение за разрешување и именување на член на Одборот за контрола на материјално-финансиско работење на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски" – Куманово

1. Се објавува Решението за разрешување и именување на член на Одборот за контрола на материјално-финансиско работење на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски" – Куманово, Бр. 09 – 15380/24, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-15948/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

701.

Врз основа на член 54 од Законот за установите („Службен весник на РМ" бр. 32/05, 120/05, 51/11 и „Службен весник на РСМ" бр. 99/22) и член 25 став 1 точка 26 и член 71 став 2 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), а во врска со член 44 став 2 и 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ" бр.12/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување и именување на член на Одборот за контрола на материјално-финансиско работење на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски" - Куманово

1. Од функцијата член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски" - Куманово, се разрешува Ивана Стојковски.

2. За член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски" - Куманово, се именува Горица Петковска.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 15380/24
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

702.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок

за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Ангел Шајче" – Куманово за учебната 2025/2026 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Ангел Шајче" – Куманово за учебната

2025/2026 година, Бр. 09 – 15380/8, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-15932/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

703.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24) и член 25 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Годишен извештај за работа на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Ангел Шајче" – Куманово за учебната 2025/2026 година

1. Се усвојува Годишниот извештај за работа на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Ангел Шајче" – Куманово за учебната 2025/2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 15380/8
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

704.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок

за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Ангел Шајче" – Куманово за учебната 2026/2027 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Ангел Шајче" – Куманово за учебната 2026/2027 година, Бр. 09 – 15380/9, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-15933/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

705.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24) и член 25 став 1 точка 27 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишна програма за работа на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Ангел Шајче" – Куманово за учебната 2026/2027 година

1. Се усвојува Годишната програма за работа на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Ангел Шајче" – Куманово за учебната 2026/2027 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 15380/9
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

706.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените на Општина Куманово за 2027/29 година, со акциски план

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените на Општина Куманово за 2027/29 година, со акциски план, Бр. 09 – 15380/12, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-15936/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

707.

Врз основа на член 14 став 6 алинеја 4 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ" бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на РСМ" бр. 53/21 и 39/25) и член 66 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Програма на Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените на Општина Куманово за 2027/29 година, со акциски план

1. Се усвојува Програмата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените на Општина Куманово за 2027/29 година, со акциски план.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 15380/12
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

708.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок

за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршување на Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово и на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Куманово за периодот од 1 јануари 2026 година до 30 јуни 2026 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршување на Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово и на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Куманово за периодот од 1 јануари 2026 година до

30 јуни 2026 година, Бр. 09 – 15380/13, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-15937/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

709.

Врз основа на член 69 став 1 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Извештај за извршување на Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово и на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Куманово за периодот од 1 јануари 2026 година до 30 јуни 2026 година

1. Се усвојува Извештајот за извршување на Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово и на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Куманово за периодот од 1 јануари 2026 година до 30 јуни 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 15380/13
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

710.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок

за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Куманово за II квартал од 2026 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Куманово за II квартал од 2026 година, Бр. 09 – 15380/15, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-15939/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски с.р.

711.

Врз основа на член 69 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Куманово за II квартал од 2026 година

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Куманово за II квартал од 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 15380/15
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

712.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Заклучокот во врска со усмената Информација за разгледување на можноста за обезбедување соодветен превоз за децата со попреченост, жители на Општина Куманово, кои ги користат услугите на Дневниот центар „Blue Puzzle" во село Оризаре, Општина Липково

1. Се објавува Заклучокот во врска со усмената Информација за разгледување на можноста за обезбедување соодветен превоз за децата со попреченост, жители на Општина Куманово, кои ги користат услугите на Дневниот центар „Blue Puzzle" во село Оризаре,

Општина Липково, Бр. 09 – 15380/25, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-15949/1
29 октомври 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

713.

Врз основа на член 69 од Статутот на Општ ина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, расправајќи по усмената Информација за разгледување на можноста за обезбедување соодветен превоз за децата со попреченост, жители на Општина Куманово, кои ги користат услугите на Дневниот центар „Blue Puzzle" во село Оризаре, Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се предлага Општина Куманово, преку надлежниот сектор за социјална заштита и во соработка со другите надлежни служби, да ја разгледа можноста за организирање превоз за овие деца со попреченост.
   Превозот може да се организира со соодветно општинско возило, доколку општината располага со такво возило, или преку ангажирање лиценциран оператор, согласно законските постапки.
   Исто така, се предлага да се подготви анализа на потребите и финансиските трошоци, да се утврди маршрутата на превозот и да се разгледа можноста за обезбедување финансиски средства од општинскиот буџет, преку програмата за социјална заштита или друг соодветен механизам.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 15380/25
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

СОДРЖИНА

668. Заклучок за објавување на Одлука за збратимување на Општина Куманово - Република Северна Македонија со Општина Херцег Нови – Република Црна Гора..... 895

669. Одлука за збратимување на Општина Куманово - Република Северна Македонија со Општина Херцег Нови – Република Црна Гора..... 895

670. Заклучок за објавување на Одлука за збратимување на Општина Куманово - Република Северна Македонија со Град Источно Сараево – Република Српска, Босна и Херцеговина..... 897

671. Одлука за збратимување на Општина Куманово – Република Северна Македонија со Град Источно Сараево – Република Српска, Босна и Херцеговина..... 898

672. Заклучок за објавување на Одлука за збратимување на Општина Куманово - Република Северна Македонија со Град Караганда – Република Казахстан..... 899

673. Одлука за збратимување на Општина Куманово – Република Северна Македонија со Град Караганда – Република Казахстан..... 899

674. Заклучок за објавување на Одлука за збратимување на Општина Куманово - Република Северна Македонија со Општина Чајетина – Република Србија..... 901

675. Одлука за збратимување на Општина Куманово - Република Северна Македонија со Општина Чајетина – Република Србија..... 901

676. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Измена и дополна на Годишен план за вработување во 2026 година на ООУ „Бајрам Шабани“ – Куманово..... 903

677. Одлука за давање согласност на Измена и дополна на Годишен план за вработување во 2026 година на ООУ „Бајрам Шабани“ – Куманово 903

678. Заклучок за објавување на Одлука за исправка на техничка грешка во Одлуката за пренесување на правото на трајно користење на движни ствари на Јавно претпријатие „Чистота и зеленило“ – Куманово..... 904

679. Одлука за исправка на техничка грешка во Одлуката за пренесување на правото на трајно користење на движни ствари на Јавно претпријатие „Чистота и зеленило“ - Куманово..... 904

680. Заклучок за објавување на Одлука за уредување на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово..... 905

681. Одлука за уредување на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово 905

682. Заклучок за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2026 година..... 922

683. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2026 година..... 923

684. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност за прифаќање на донација на движни ствари на ООУ „Толи Зордумис“ – Куманово..... 923

685. Одлука за давање согласност за прифаќање на донација на движни ствари на ООУ „Толи Зордумис“ – Куманово..... 924

686. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Дополнување на Годишен план за вработување во Општина Куманово за 2026 година..... 924

687. Одлука за давање согласност на Дополнување на Годишен план за вработување во Општина Куманово за 2026 година..... 925

688. Заклучок за објавување на Одлука за поништување на Јавен повик бр. 03/26 – делумно повторување на дополнување, за пројавување на интерес за пријавување на кандидати..... 925

689. Одлука за поништување на Јавен повик бр. 03/26 - делумно повторување на дополнување, за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта” - Куманово..... 926

690. Заклучок за објавување на Одлука за објавување на Јавен повик бр. 03/26 – второ делумно повторување на дополнување, за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта“ – Куманово..... 927

691. Одлука за објавување на Јавен повик бр. 03/26 – второ делумно повторување на дополнување, за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта“ – Куманово..... 927

692. Заклучок за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за давање на трајно користење на градежна машина „Caterpillar“ на Општина Куманово..... 928

693. Решение за давање согласност на Одлуката на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за давање на трајно користење на градежна машина „Caterpillar“ на Општина Куманово..... 929

694. Заклучок за објавување на Решение за разрешување и именување на претставник од Општина Куманово за член на Управниот одбор на ДСУ РЦСОО „Киро Бурназ“ – Куманово..... 929

695. Решение за разрешување и именување на претставник од Општина Куманово за член на Управниот одбор на ДСУ РЦСОО „Киро Бурназ“ – Куманово 930

696. Заклучок за објавување на Решение за разрешување и именување на претставник од Општина Куманово за член на Училишниот одбор на ООУ „Браќа Рибар” – с. Табановце..... 930

697. Решение за разрешување и именување на претставник од Општина Куманово за член на Училишниот одбор во ООУ „Браќа Рибар” – с. Табановце..... 931

698. Заклучок за објавување на Решение за разрешување и именување на претставник од Општина Куманово за член на Училишниот одбор на ООУ „Јероним Де Рада” – с. Черкези..... 931

699. Решение за разрешување и именување на претставник од Општина Куманово за член на Училишниот одбор во ООУ „Јероним Де Рада” – с. Черкези..... 932

700. Заклучок за објавување на Решение за разрешување и именување на член на Одборот за контрола на материјално-финансиско работење на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски" – Куманово..... 932

701. Решение за разрешување и именување на член на Одборот за контрола на материјално-финансиско работење на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски" – Куманово..... 933

702. Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Ангел Шајче" – Куманово за учебната 2025/2026 година..... 933

703. Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Ангел Шајче" – Куманово за учебната 2025/2026 година..... 934

704. Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Ангел Шајче" – Куманово за учебната 2026/2027 година..... 934

705. Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Ангел Шајче" – Куманово за учебната 2026/2027 година..... 935

706. Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените на Општина Куманово за 2027/29 година, со акциски план..... 935

707. Заклучок за усвојување на Програма на Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените на Општина Куманово за 2027/29 година, со акциски план..... 936

708. Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршување на Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово и на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Куманово за периодот од 1 јануари 2026 година до 30 јуни 2026 година..... 936

709. Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово и на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Куманово за периодот од 1 јануари 2026 година до 30 јуни 2026 година..... 937

710. Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Куманово за II квартал од 2026 година..... 937

711. Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Куманово за II квартал од 2026 година..... 938

712. Заклучок за објавување на Заклучокот во врска со усмената Информација за разгледување на можноста за обезбедување соодветен превоз за децата со попреченост, жители на Општина Куманово, кои ги користат услугите на Дневниот центар „Blue Puzzle“ во село Оризаре, Општина Липково..... 938

713. З А К Л У Ч О К..... 939